Друштво за осигурување

**ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје**

# ОПШТИ И ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ

Февруари 2022 година

**ОПШТИ ОДРЕДБИ**

Поедини термини во овие Услови значат:

1. “Осигурувач” - Акционерско друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје
2. “Договорувач” на осигурувањето - лице кое со осигурувачот склучува договор за осигурување;
3. “Осигуреник” - лице чии животни се осигурени и кому му припаѓаат правата од осигурувањето;
4. “Премија” - износ во денари што се плаќа за осигурување по договорот за осигурување;
5. “Сума на осигурување” - износ (вредност) на кој животното е осигурено, доколку од содржината на договорот не произлегува нешто друго;
6. “Полиса” - документ за договор за осигурување;

**ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Услови можат да бидат здрави домашни животни и тоа:
1. Копитари (коњи, маски, мули и магариња) со старост од 4 месеци до наполнети 12 години, односно 15 година доколку во осигурување кај осигурувачот се непрекинато од 9 годишна старост.
2. Говеда и биволи со старост од 2 месеци до наполнети 8 години, односно 10 години, доколку во осигурување кај осигурувачот се непрекинато од 5 годишна старост.Говеда во тов до наполнети 3 години старост.Телиња за гоење од 10 дена до крајот на гоењето.
3. Овци и кози со старост од 3 месеци до наполнети 6 години.
4. Свињи со старост од 2 месеци до наполнети 4 години.
(2) Други видови домашни животни и други животни, како и животни под и над староснитe граници определени со став (1) од овој член можат да се осигуруваат само по Посебни услови и на нив одредбите од овие Општи услови, се применуваат ако по тие Посебни услови тоа е предвидено.
(3) Не можат да се примат во осигурување:
1. Животни кои се болни или сомнителни на некоја болест;
2. Истоштени, закржлавени и слепи животни и животни во лоша кондиција;
3. Животни што се држат во лоши зоохигиенски услови.
4. Животни кои не се економски исплатливи (животни за шкарт)
(4) Осигуреникот е должен да ги осигура сите животни од ист вид кои се водат на истото одгледувалиште. Само со посебна согласност на осигурувачот, осигуреникот може да осигура само дел од животниот од ист вид, односно поединечни категории животни, кои можат да се разликуваат.
(5) При склучување на Договорот за осигурување задолжително се пријавуваат и сите животни кои не се предмет на осигурување согласно овие услови за осигурување и истите треба да се наведат осигурителната документација.Доколку за времетраење на осигурителното покритие таквите животни станат способни за осигурување (младите животни достигнуваат влезна возраст, болните животни оздравеле и сл.), осигуреникот треба да ги осигура најдоцна во рок од 14 дена од денот кога ги исполниле условите за осигурување.
(6) Осигурувачот може да побара на трошок на осигуреникот, доколку животните не се обележани или не се распознаваат, истите да се обележат така што ќе можат несомнено да се распознаваат.

**ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 2**

(1) Со осигурување се опфатени ризиците:
1. Пцовисување на осигуреното животно поради болест или несреќен случај.
2. Принудно колење на осигуреното животно кога поради болест или несреќен случај, му се заканува непосредна опасност од пцовисување (принудно колење поради опасност по живот или од економски причини).
3. Принудно колење или принудно убивање на осигуреното животно, кога поради болест или несреќен случај не му се заканува непосредна опасност од пцовисување, но станало неупотребливо за која и да е цел, и нема изгледи таа состојба да се измени со лекување (присилно колење од економски причини).
4. Трошоци за здравствена заштита, ако е посебно договорено.
5. Кастрација и овариотомија, и
6. Други ризици договорени по Посебни услови за осигурување.
(2) Во смисла на овие услови како несреќен случај се смета секој ненадеен и од волјата на осигуреникот, независен настан кој делува од надвор на осигурените животни и има за последица заболување, лекување, принудно колење, принудно отепување или пцовисување, а наведен е во овие Услови како:
1. Пожар, удар на гром, експлозија, поплава, луња, лизгање и одронување на терен, паѓање на воздушни летала од сите видови.
2. Газење со разни возила, освен штети кои се надоместуваат по основ на одговорност.
3. Удар на некои предмети, меѓусебно тепање на животните, ранување со оружје.
4. Паѓање, слизнување и слични надворешни повреди.
5. Давење во вода или кал.
6. Механичко задушување поради надворешни повреди.
7. Повреди од диви ѕверови, каснување од змија или убод од пчела.
8. Дејство на електрична струја.
9. Последици на топлота или смрзнување.
10. Труење со хемиски отрови кои делуваат однадвор или се внесени во организмот.
(3) Сите други опасности, кои не се наведени во претходниот став, па и тешко породување, алиментарни интоксикации, колика и кила без надворешно влијание, се сметаат како болест.

**ОПАСНОСТИ (РИЗИЦИ) КОИ НЕ СЕ ОПФАТЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 3**

(1) Со осигурување не се опфатени опасности (ризици) кои не се наведени во член 2 од овие Услови, како и штети кои ке настанат:
1.Поради болест на осигуреното животно, ако се утврди дека болеста постоела пред склучување на осигурувањето, без оглед дали знаците на заболувањето биле забележливи или не, и ако штетата настанала во рок од три месеци по склучување на осигурувањето или ако во тој рок недвосмислено е утврдено постоење на болеста.
2. Пцовисување, принудно колење или принудно отепување на животното кое согласно член 1, став 1 и 2 од овие Услови не можело да биде предмет на осигурување.
3. Заболување, принудно колење, принудно отепување или пцовисување на животното настанато поради долготрајно, неразумно и претерано искористување на животното.
4. Поради неблаговремено лекување на животното и не придржување на упатствата на ветеринарот.

5. Поради приплодна неспособност (јаловост) на животното (ако поинаку не е договорено), делумно губење на видот, убавината, млечноста, а кај животните при гоење и слабиот прираст.

6. Поради недоволна или неправилна исхрана или исхрана со штетна храна по вина на осигуреникот.

7. Намерно или поради небрижност на договорувачот на осигурувањето, на осигуреникот или на лице на кое му ја доверил грижата за животните, или на корисникот на осигурувањето.

8. Поради кастрација или овариотомија извршена од нестручно или неовластено лице.

9. Поради земјотрес, нуклеарна експлозија и радиоактивна контаминација.

10. Поради кражба, загуба или мана на животното.

11. 1. Војна,инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали војна е објавена или не), граѓанска војна, побуна, револуција,востание,граѓански немири, имајки го во предвид учеството во или големината на востанието, воена или узурпаторска сила; или

2. а) биолошка или хемиска контаминација;
   б) проектили, бомби, гранати, експлозивни средства; поради секое дејство на тероризам

За примена на овој додаток дејство на тероризам значи, дејство, вклучувајки но не и ограничување на употреба на сила или насилство и/или закана со нив на лице или група на лица,без оглед дали дејствуваат сами или во корист на или во врска со било која организација(и) или влада(и) обврзани со политички, религиозни,идеолошки или етнички цели и причини вклучувајки и намера да се влијае на влада и/или да се изложи јавноста или дел од јавноста под страв.

За примена на а) контаминацијата значи контаминација, труење или превентива и/или ограничување на употреба на објект поради влијание на хемиски и/или биолошки материи.

Овој додаток исклучува и загуба,штета, цена или трошок од секаков вид директно или индиректно настанат од последица од или во врска со дејство преземено за контрола, превенција,уништување или на било кој начин се однесува за и/или 2 погоре.

Ако преземачите на осигурување потврдат дека поради овој исклучок, штета, загуба, цена или трошок не се покриени со ова осигурување товарот за докажување на спротивното паѓа на осигуреникот.

12. Ако осигуреникот го заколе или отепа животното без вистинска потреба или без одобрение на осигурувачот.

13. Кога осигуреното животно престојува надвор од местото наведено во полисата, а осигуреникот за таа промена не го известил осигурувачот, како и за време на изнајмување на животните на трети лица.

14. Поради транспорт на животните, натовар, растовар или претовар.

15. Поради неизвршена вакцинација против болест која го застрашува животното ако штетата е настаната поради таа болест.

16. Поради пцовисување кое настанало како последица на непреземање и непридржување на ветеринарно санитарните мерки за спречување на заразните и други болести предвидени со закон или прописи донесени врз основа на закон, и во случај кога надлежниот орган не донел наредба за принудно колење или принудно отепување на животното.

17. Поради туберкулоза, бруцелоза, инфективна анемија кај копитари, лигавка и шап, свинска чума , леукоза и бовин спонгиформен енцефалитис (БСЕ) па и ако овие болести се утврдени само по клинички пат.

18. Поради принудно колење или отепување на животното извршено по наредба на надлежен орган.

19. Поради ветеринарни трошоци и други обврски одредени со закон за заштита на животните од болести.

(2) Осигурувачот не презема било каква обврска или право кое за осигуреникот произлегува од Законот за ветеринарното здравство.
(3) Осигурувачот не ги покрива трошоците за:
1. убивање, односно безболно убивање на животни.
2. Отстранување на мртво или убиено животно.
(4) Осигуреникот ги губи своите права:
1. Поради ненавремено лекување на засегнато животно, ако за тоа е виновен осигуреникот.
2. Ако заколе или убие животно самоиницијативно, без фактичка потреба во однос на одредбите од овие Услови.
3.Ако заколе или убие животно од економски причини без одобрување на осигурувачот.
4. Ако не ги спроведува безбедносните мерки утврдени во Условите на осигурување.

**СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 4**

(1) Животните се осигуруваат на вредност која ке се договори со договорувач.
Таа вредност, по правило, не може да биде поголема од вистинската вредност на животното во времето на склучување на договорот за осигурување, ниту поголема или помала од вредноста за осигурување која ја определил осигурувачот за односниот вид и категорија на животни во смисла на одредбите од став 4 на овој член.
(2) Млади животни и животни при гоење можат да се осигуруваат на вредност што ке ја постигнат на крајот на траењето на осигурувањето, односно на крајот на гоењето.
(3) По правило, сумата на осигурување се утврдува за секое животно поодделно. Кај ситните животни и животни кои се држат во стадо, а вредноста им е приближно изедначена, осигурувањето може да се врши на просечна вредност - просечна сума на осигурувањето.
(4) Осигурувачот може за поедини видови и категории на животни да ја определи највисоката и најниската вредност на која може да се склучи осигурувањето.
(5) Сумата на осигурувањето не може да служи како доказ за вистинската (пазарната) вредност на животното.
Сумата на осигурување е граничен износ на обврската на осигурувачот.

**МЕСТО НА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 5**

(1) Осигурувањето е во сила додека осигурените животни се наоѓаат во местото означено во полисата.
(2) Ако осигуреното животно заради исхрана, сместување или работа се пренесува од едно во друго место, тие места мораат да бидат наведени во полисата.
(3) Осигурувањето не е во сила за време додека осигурените животни се наоѓаат на изложби или саеми и за време на транспортот на и од тие места и во кое било транспортно средство.
(4) Осигуреникот е должен најдоцна во рок од 3 дена писмено да го извести осигурувачот ако осигуреното животно постојано или за повеќе од 14 дена го премести од местото наведено во полисата во некое друго место, или ако меѓу осигурените животни стави друго животно од ист вид.

**ОБВРСКА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА СИТЕ ЖИВОТНИ ОД ИСТ ВИД**
**Член 6**

(1) Осигуреникот е должен да ги осигура сите животни од ист вид (сите коњи, сите говеда и тн.) што ги има и ги држи на исто место, а способни се за осигурување.
Само со посебна согласност на осигурувачот, осигуреникот може да осигура само дел од животните од ист вид, односно поедини категории животни, кои можат сигурно да се разликуваат. Согласноста мора да биде запишана во полисата.
(2) При склучување на договорот за осигурување осигуреникот е должен, без оглед на сопственоста и бројот на животните кои ги осигурува, да ги пријави и покаже сите животни од ист вид што ги има. Неосигурените животни мораат да бидат воведени во осигурителната документација (понуда, попис, полиса) со опис на сите елементи за нивна идентификација и причина за неосигурувањето. Ако овие животни во тек на траење на осигурувањето ги исполнат условите за прием во осигурување (старосна граница кај млади животни, здравствена состојба и др.), осигуреникот е должен и нив да ги осигура најдоцна во рок од 14 дена од денот кога животните станале способни за осигурување.
(3) Осигурувачот има право, а осигуреникот е должен тоа да го стори, да бара осигурените животни да се обележат (маркирање, тетовирање, жигосување и сл.) на товар на осигуреникот.

**ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ**
**Член 7**

Договор за осигурување може да се склучи за определен период од 1(една) година, освен ако поинаку не е договорено и наведено во полисата за осигурување може да се склучи и за пократок период од 1(една) година.

**ПОЧЕТОК НА ДЕЈСТВОТО НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 8**

(1) Ако не е договорено поинаку, договорот за осигурување произведува свое дејство после 48 часа по часот што е назначено во полисата како почеток на осигурување. Значи, во полисата освен датата треба да се назначи и часот кога истата е потпишана.
(2) Ако рокот на траење на осигурувањето не е определен со договорот за осигурување, секоја договорна странка може да го раскине договорот со денот на истек на тековната година на осигурување, известувајќи ја по писмен пат другата страна најдоцна на три месеци пред истек на тековната година на осигурување.
Во ваков случај договорот за осигурување престанува во дваесет и четири часот на последниот ден на тековната година на осигурување.

**ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНОК НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ**
**Член 9**

(1) Обврската на осигурувачот за надомест на штета по основ на осигурувањето започнува:
1. За штети од пцовисување, принудно колење или принудно отепување поради несреќен случај, како и за трошоци за лекување доколку се договорени ,по 48 часот на денот и часот кој во полисата е означен како ден на почеток на осигурувањето, ако до тој ден е платена премијата, инаку по **48**

часот на денот и часот кога е платена премијата, ако поинаку не е договорено и посебно наведено во полисата за осигурување.

2. За штети од пцовисување, принудно колење или принудно отепување поради болест во 24 часот **на 14-от** ден сметано од часот во денот на склучување на договорот за осигурување (каренца), т.е. по истек на полни 14 дена,

(2) Ако осигуреното животно до истекот на полни 14 дена (за време траење на каренцата) се разболи од некоја незаразна болест и не оздрави до истекот на тој рок, обврската на осигурувачот за надомест по основ на осигурување започнува кога животното ке оздрави, за што договорувачот е должен да поднесе ветеринарно уверение.

(3) Ако осигуреното животно до истекот на полни 14 дена (за време на траење на каренцата) се разболи од некоја заразна болест, каренцата се продолжува за таа болест за сите осигурени грла од ист вид кои се наоѓаат во истиот објект, односно економско двориште се додека заразата не престане, за што договорачот е должен да поднесе ветеринарно уверение.

Под заразни болести во смисла на овие услови се подразбираат болести кои имаат инфективен карактер и се преносливи.

(4) Ако осигуреното животно се разболи за време на траење на каренцата, а осигурениот случај како последица на тоа заболување настане за време на траење на каренцата или по истек на каренцата, осигуреникот нема право на надомест на штета по основ на осигурувањето.

(5) Ако осигурувањето е обусловено со вакцинација, а вакцинацијата не е извршена пред почетокот на осигурувањето каренцата за болеста против која треба да се вакцинира започнува од денот на извршеното вакцинирање.

(6) За опасноста крв во урина (hematuria vesicalis) – дваесет и четвртиот час на 180-тиот ден од денот што е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, ако дотогаш е платена првата рата од премијата, во спротивно осигурителното покритие започнува во дваесет и четвртиот час на 180-тиот ден од денот кога е платена првата рата на премијата за осигурување

(7) Во случај на зголемување на сумата на осигурување при обнова или за време на траење на осигурувањето, за зголемената сума на осигурување се применува каренца од 21 ден и оштетата ке се пресметува на основа старата сума на осигурување, ако заболувањето или осигурениот случај како последица на болест настане во рок од 21 ден од денот на извршеното зголемување на сумата на осигурување.

(8) Договорувачот на осигурувањето **не може** со посебна доплата да ја исклучи каренцата.

(9) Обврската на осигурувачот за надомест на штети по основ на осигурувањето престанува:

1. Кај договорот за осигурување со определен рок на траење во 24 часот на денот кој во полисата е означен како ден на истек на осигурувањето, ако поинаку не е договорено.

2. Договорот за осигурување може да биде со траење од една година или повеќегодишен, кога се продолжува од година во година.2. Обврската на осигурувачот престанува и во други случаи предвидени со закон или со договорот за осигурување.

## ПОСТАПКА ПРИ ИСТЕК НА ОСИГУРУВАЊЕТО ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА ОДНОСНО ТЕКОВНИОТ ПЕРИОД НА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 10**

(1) При обнова на договорот за осигурување, ако договорот за осигурување за наредниот период се склучи пред истек на последниот ден на траење на тековниот договор не се применуваат одредбите за каренца ниту пак болните животни се исклучуваат од осигурување, освен ако животните се во лоша кондиција или осигуреникот ги држи во несоодветни услови.

(2) Во моментот на истекот на тековната година на осигурување (во скаденцата) осигурувачот има право пред продолжување на осигурувањето да изврши преглед на животните да ги утврди

околностите од значење за големината и тежината на ризикот и да изврши измени и дополнувања на договорот и тоа:

1. Од осигурување да ги исклучи животните чија старост ја надминала границата утврдена во член 1 став (1) од овие услови, како и животните кои се чуваат во лоши зоохигиенски услови или се во лоша кондиција (член 1, став (3), точка 2 и 3 од овие Услови);

2. Да ја зголеми или намали сумата на осигурување, ако вредноста на животното е зголемена или намалена, а според состојбата на животното и важечките цени;

За животните кои при прегледот се болни од акутни заболувања неможе да се зголемува сумата на осигурување, додека не оздрават, но не се исклучуваат од осигурување;

За животните кои при прегледот се болни од хронични заболувања или имаат стекнати мани, сумата на осигурување се утврдува земајќи ги во предвид таквите заболувања или мани;

3. Да ја намали или зголеми премиската стапка ако ризикот е намален односно зголемен, како и во зависност од постигнатите технички резултати.

(3) Одредбите од точките 1, 2 и 3 од претходниот став се применуваат и на осигурувањата од став (1) на овој член.

(4) При обнова на осигурувањето без прекин во, на животните кои биле во осигурување не се применуваат одредбите за каренца.

Но ако кај овие животни се зголемува сумата на осигурување, одредбите за каренца се применуваат само на износот на зголемената сума на осигурување.

(5) Сумата на осигурување може да се зголемува или намалува и во тек на траење на осигурувањето ако вредноста на животните е зголемена или намалена.

**ОТТУЃУВАЊЕ НА ПОЕДИНИ ОСИГУРЕНИ ЖИВОТНИ**
**Член 11**

(1) Во случај на оттуѓување (продажба и слично) на осигурени животни, осигурувањето за нив престанува во моментот кога осигуреникот престанал да ги држи.

(2) Наместо на оттуѓените (продажба и слично) осигурени животни, може во осигурување да се воведе друго животно на осигуреникот од ист вид, ако ги исполнува условите за осигурување, а осигуреникот оттуѓувањето-набавката на новото животно ја пријавил на осигурувачот.

Ваква замена дозволена е само еднаш во текот на траење на осигурувањето и тоа само за копитари, приплодни говеда и приплодни свињи.

(3) За нововнесеното животно во осигурување се испоставува полиса и за тоа животно се применуваат одредбите за каренца.

**ПОМИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА НОВ КОРИСНИК ОДНОСНО СОПСТВЕНИК**
**Член 12**

(1) Ако сите животни осигурени со еден ист договор преминат по било кој основ, освен продажба, врз некое трето лице, договорот за осигурување продолжува да дејствува помеѓу осигурувачот и осигурениковиот правен следбеник.

(2) Во случај кога со оттуѓувањето на осигурените животни е зголемена или намалена опасноста за настанување на осигурен случај осигурувачот за преостанатото време до крајот на тековниот период на осигурување ке пресмета зголемена премија или ке изврши повраток на премијата.

(3) Ако договорувачот на осигурувањето не го извести осигурувачот за оттуѓување на осигурените животни останува во обврска да ја плаќа премијата и по денот на оттуѓувањето.

(4) Осигурувачот и новиот сопственик односно корисник на оттуѓените животни можат да го откажат договорот за осигурување со отказен рок од 15 дена, со тоа што отказот се должни по писмен пат да го поднесат во рок од 30 дена од денот кога сознале за извршената промена на сопственоста.
(5) Договорот за осигурување не може да се откаже до колку полисата е издадена на доносителот или по наредба.
(6) Кога има повеќе правни следбеници, сите тие солидарно одговараат за премијата што се должи.

**ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИТЕ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ**
**Член 13**

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен при склучување на договорот да му ги пријави на осигурувачот сите околности што се од значење за оцена на ризикот, а што му се познати или неможеле да му останат непознати.
(2) Ако договорувачот на осигурувањето намерно направил неточна пријава или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачот не би склучил договор ако знаел за вистинската состојба на работите, осигурувачот може да бара поништување на договорот.
(3) Во случај на поништување на договорот од причините наведени во претходниот став, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за периодот на осигурувањето во кој побарал поништување на договорот.

Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако тој во рок од три месеци од денот на сознавање за неточноста за пријавата или за премолчувањето не му изјави на договорувачот на осигурувањето дека има намера да го користи тоа право.
(4) Ако договорувачот на осигурувањето направил неточна пријава или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може по свој избор, во рок од еден месец од сознавањето за неточноста или нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.
Договорот во тој случај престанува по истек на 14 дена од кога осигурувачот својата изјава за раскинување му ја соопштил на договорувачот на осигурувањето, а во случај на предлогот на осигурувачот премијата да се зголеми раскинувањето настапува ако договорувачот не го прифати предлогот во рок од 14 дена откога го примил.
Во случај на раскинување на договорот осигурувачот е должен да го врати делот од премијата што отпаѓа на времето до крајот на периодот на осигурувањето.
(5) Ако осигурениот случај настанал пред да е утврдена неточноста или нецелосноста на пријавата, или после тоа, но пред раскинување на договорот односно пред постигнување на спогодба за зголемување на премијата, надоместокот се намалува во сразмер помеѓу стапката на наплатените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик.
(6) Осигурувачот кому во моментот на склучувањето на договорот му биле познати или неможеле да му останат непознати околностите што се од значење за оцена на ризикот, а кои договарачот на осигурувањето неточно ги пријавил или премолчил неможе да се повикува на неточноста на пријавата или премолчувањето.
Истото важи и во случај кога осигурувачот сознал за тие околности за време на траење на осигурувањето, а не ги користел законските овластувања.

**ПРАВО НА ОСИГУРУВАЧОТ ДА ВРШИ КОНТРОЛА**
**Член 14**

(1) Осигурувачот има право да врши контрола на склучените осигурувања, настанатите штети, ревизија на ризикот како и контрола на извршувањето на договорените и пропишаните мерки и контрола на мерките на превентива и репресива во тек на целиот период на траење на осигурувањето, а осигуреникот е должен тоа да му го овозможи.
(2) Осигурувачот има право да ги исклучи од осигурување животните за кои при контролата се утврди дека не можеле да бидат предмет на осигурување согласно член 1, став (1) и (3) од овие Услови.
(3) Осигурувачот има право да го раскине договорот за осигурување, без отказен рок, во целост или делумно и да се воздржи од сите обврски, доколку при контролата се констатира дека осигуреникот по своја вина ги прекршил одредбите од овие Услови.
Ако осигурувачот за повредите на одредбите од овие Услови сознал по настанување на осигурениот случај, има право да ја одбие отштетата.

**ПРИЈАВА НА ПРОМЕНА НА ОПАСНОСТА ВО ТЕК НА ТРАЕЊЕ НА ОСИГУРУВАЊЕТО**
**Член 15**

(1) При склучувањето на договорот осигуреникот треба да го извести писмено осигурувачот за сите познати околности кои се битни за преземање на ризикот. При повреда на оваа обврска - облигација- осигурувачот може да се повлече од договорот, пришто обврската за надомест за штета отпаѓа.
(2) Договорувачот на осигурувањето е должен писмено да го извести осигурувачот за секоја промена на околностите која е од значење за оцена на ризикот.
Ако зголемувањето на ризикот е поради некоја постапка (во технологијата на одгледување) на договорувачот спрема осигураните животни должен е да го извести осигурувачот пред да ја преземе постапката, а ако зголемувањето на ризикот е склучено без учество на договорувачот, тој е должен да го извести осигурувачот во рок од 14 дена од кога сознал за тоа.
(3) При зголемување на ризикот во тек на траење на осигурувањето, осигурувачот може да го откаже договорот за осигурување или на договорувачот да му предложи нова премиска стапка.
Ако договорувачот не се согласи со новата премиска стапка во рок од 14 дена од приемот на предлогот, договорот престанува според самиот закон.
(4) Договорот за осигурување останува во сила и осигурувачот повеќе не може да ги користи овластувањата за раскинување на договорот или зголемување на премиската стапка, ако не ги искористил тие овластувања во рок од еден месец од кога на кој и да е начин сознал за зголемување на ризикот, или ако уште пред истекот на тој рок покаже на некој начин дека се согласува со продолжување на договорот (ако ја прими премијата, исплати надомест за осигурен случај што настанал по тоа зголемување и сл.).
(5) Во случај кога по склучување на осигурувањето настанало намалување на ризикот,договорувачот на осигурувањето има право да бара соодветно намалување на премијата, сметајќи од денот кога за намалувањето го известил осигурувачот.
Ако осигурувачот не се согласи со намалувањето на премијата, договорувачот може да го откаже договорот за осигурување.

**ДОЛЖНОСТ НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ОСИГУРЕНОТО ЖИВОТНО СЕ РАЗБОЛИ ИЛИ МУ СЕ СЛУЧИ НЕСРЕЌЕН СЛУЧАЈ**
**Член 16**

(1) Кога осигуреното животно се разболи или се повреди при несреќен случај или пцовиса, осигуреникот е должен веднаш да повика ветеринар и да се придржува на упатствата што тој ке му ги даде.
Во случај на заболување или несреќен случај на поголем број животни осигуреникот е должен веднаш да го извести и осигурувачот.
(2) Во случај кога поради болест или несреќен случај постои непосредна опасност од пцовисување, осигуреникот е должен, заради намалување на штетата, да изврши принудно колење на осигуреното животно кога тоа ке го препорача ветеринар или осигурувачот.
Во итни случаи на непосредна опасност од пцовисување, осигуреникот е должен и сам да изврши принудно колење на осигуреното животно заради намалување на штетата.
(3) Принудно колење од економски причини може да се изврши дури по писмено одобрение на осигурувачот. Во вакви случаи осигуреникот ке прибави писмено мислење од ветеринар и ке го достави до осигурувачот на решавање.
(4) Принудно колење на осигуреното животно поради опасност по живот мора да се изврши веднаш, а поради економски причини во рокот одреден во писменото одобрение на осигурувачот.
(5) Осигуреникот е должен да ги преземе сите мерки за намалување на штетата со искорстување на производите добиени со колење или на деловите од пцовисаното животно. Ова искористување ке се врши во согласност со ветеринарно санитарните прописи и во случаи кога и како е тоа дозволено.
(6) Осигуреникот е должен искористливите делови (месо, кожа) или производи да ги породаде како е тоа најдобро можно според месните услови (ценовници) и важечките цени, согласно постојните прописи . Најмалото искористување за кожа од говеда изнесува 8% од тежината на грлото.За оваа и за сите останати кожи треба да се земе во предвид актуелниот ценовник.
Осигуреникот може истите да ги користи и во домаќинството, ако тоа го сака. Во двата случаи вредноста на искористувањето се пресметува по важечките цени во местото на денот на штетата.
(7) Осигуреникот треба да води евиденција за лекување на осигурените животни. При пријавувањето на осигурен случај поради болест, треба да поднесе потврди за лекување (амбулантски дневници, сметки и сл.), инаку согласно овие услови се смета дека животното не било навремено лекувано.
(8) Во случај на настанување на осигурен случај, осигуреникот е должен на сопствен трошок да ја достави сета потребна документација за режавање на барањето(пријава на штета, извештај на ветеринарот, потврда за продажба на животно, потврда за осеменување, датум на породување, потврда за движење на животното, амбуланторен дневник исл.)
(8) Во случај на непозната причина за пцовисување или убивање на осигуреното животно, осигуреникот е должен на сопствен трошок да достави наод од зивршена обдукција.
(9) Осигуреникот има обврска да ги превземе потребните мерки за заштита на животните од заразни болести, паразити и дивеч.
(10) Осигуреникот има обврска со осигурените животни да постапува правилно, уредно да ги чува, правилно да ги храни, разумно да ги искористува и да ги превземе сите мерки за избегнување штета кај животните.
(11) Осигуреникот има обврска да врши редовно шкартирање на закржлавени, стари и за понатамошно чување неповолни животни.

Шкартираните животни можат да останат во осигурување најмногу до 30 дена од денот на извршено шкартирање.

(13) Ако осигуреникот не ги изврши своите обврски, а за тоа нема оправдување, ќе му се намали оштетата за толку за колку со неизвршената обврска таа е зголемена.

**ОБВРСКА ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ ПРИ НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ**
**Член 17**

(1) За настанатиот осигурен случај (пцовисување, принудно колење или отепување) на осигуреното животно осигуреникот е должен да го извести осигурувачот веднаш, а најдоцна во рок од 3 дена од кога дознал за осигурениот случај.

(2) Ако настанатиот осигурен случај, осигуреникот го пријавил усмено, по телефон, или со телеграма, должен е во рок од 3 дена од пријавувањето да поднесе писмена пријава.

За настанатиот осигурен случај осигуреникот е должен да го извести и подрачниот ветеринар заради негово учество во извид и процена на штетата.

(3) За осигурен случај настанат поради: пожар, експолозија, судир на животно со возило, повреда со оружје или труење со хемикалии осигуреникот треба веднаш да го извести надлежниот орган за внатрешни работи (полиција) и да наведе кои животни се засегнати.

(4) Ако осигуреникот не го извести осигурувачот за настанатиот осигурен случај во опредленото време, должен е да му ја надомести штетата на осигурувачот што би ја имал заради дополнителното утврдување на штетата.

**ПРИДРЖУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ**
**Член 18**

(1) Ако здравствените или било кои други прилики во крајот каде се наоѓаат животните налагаат потреба од преземање на заштитни мерки за спречување на штети на осигурените животни, осигурувачот може да постави како услов за склучување на договорот за осигурување или продолжување на истиот со преземање на тие мерки, а осигуреникот е должен да ги преземе на свој трошок.

(2) Осигуреникот е должен да ги преземе потребните мерки за заштита на животните од заразни, паразитарни и одгледни болести како и мерки за заштита од дивеч.

(3) Осигуреникот е должен со осигурените животни да постапува правилно, уредно да ги држи, правилно да ги храни, разумно да ги искористува, како и да ги презема сите мерки за да се избегнат штетите кај животните.

(4) Осигуреникот е должен да се придржува кон сите договорени мерки чија цел е да се спречи појавата на ризикот или ограничи зголемувањето на опасноста да се сочува здравствената состојба, како и да ги извршува сите мерки што надлежните органи ги пропишуваат или ги преземаат заради заштита на здравствената состојба на животните.

(5) Осигуреникот е должен да врши редовно шкартирање на закржлавени, стари и за понатамошно држење непогодни животни.

Шкартираните животни можат да останат во осигурување најмногу до 30 дена од денот на извршеното шкартирање.

(6) Ако договорувачот на осигурувањето не ги преземе потребните мерки, осигурувачот ке ја намали отштетата за толку за колку со непреземените мерки таа е зголемена.

**УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТАТА**
**Член 19**

(1) Натанатата штетата треба да се утврди веднаш на местото на настанување и тоа на лешот на пцовисаното животно или на делови или производи добиени со колење.
(2) Утврдувањето на штетата, по правило, го вршат осигуреникот и осигурувачот со учество на ветеринар.
(3) Ако претставникот на осигурувачот не е во можност да учествува во утврдување и процена на штетата, ке ја утврди осигуреникот со учество на ветеринар, а осигурувачот дополнително ке изврши контрола на проценката на штетата со преглед на доставената документација на штетата.
(4) Во исклучителни случаи, ако при утврдување и процена на штетата не можат да учествуваат ниту претставник на осигурувачот, ниту ветеринар, штетата ке ја утврди осигуреникот со сведоци. Во ваков случај надлежниот орган на општината или месната заедница треба да ја потврди вистинитоста на податоците.
(5) При утврдување на штетата се утврдуваат околностите при кои настанала и се врши процена на штетата.
Со процена на штетата се утврдува стварната штета што осигуреникот ја претрпел заради што се утврдува стварната (пазарната) вредност на животното, вредноста на искористување и трошоците што осигурувачот ги признава во врска со искористувањето.
(6) При принудно заклано животно, штетата се пресметува 60% од сумата на осигурување на осигуреното животно, во зависност од искористувањето на употребливите остатоци, водејќи притоа сметка за ветеринарно-санитарните прописи.
(7) За осигурен ризик смрт од заразни болести наведени во овие Општи услови, ако посебно се договори и наведе на полисата за осигурување, висината на штетата е еднаква на 90% од сумата на осигурување намалена за договорената франшиза.
(8) За осигурен ризик смрт од незаразни болести наведени во овие Општи услови, ако посебно се договори и наведе на полисата за осигурување, висината на штетата е денаква на 70% од сумата на осигурување намалена за договорената франшиза.
(7) Осигуреникот е должен при утврдување и процена на штетата да даде точни и потполни податоци и сите докази со кои располага, а се неопходни за утврдување на причината, обемот и висината на штетата и околностите под кои настанала и до осигурувачот ги достави сите документи за штетата и тоа најдоцна во рок од 30 дена од денот на пријавување на штетата.
Доколку податоците во доставените документи не се потполни, на барање на осигурувачот осигуреникот е должен дополнително да достави податоци и тоа во рок од 30 дена од денот кога осигуреникот го примил барањето на осигурувачот.

**ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ШТЕТА СО КОМИСИЈА - ВЕШТАЧЕЊЕ**
**Член 20**

(1) Во случај ако осигуреникот и осигурувачот не се спогодат при утврдување и проценка на штетата, секоја од договорените странки може да предложи штетата да се утврдува со вештачење.
(2) Предмет на вештачење можат да бидат утврдување на големината на штетата, причините за штетата и други работи ако се договорат, освен утврдување на право на оштетата.
(3) Барањето за вештачење се поднесува во писмена форма со наведување на работите што ќе бидат предмет на вештачење.
(4) За постапката на вештачењето важат следниве начела:

1. Секоја странка писмено именува свој вештак и тоа во рок од 2 (два) дена од денот на извршената процена, односно во рок од 3 дена од денот на применото известување за извршената проценка во случај ако една од договорените странки не учествувала во проценката.
2. За вештаци можат да се именуваат дипломирани ветеринари лекари кои не учествувале во проценката.
3. Пред почетокот на вештачењето двата вештака избираат трет вештак како претседател кој не смее да биде во работен однос кај осигуреникот или осигурувачот.
4. Вештаците работат едновремено и своите наоди во писмена форма им ги предаваат на осигуреникот и осигурувачот. Ако наодите меѓусебно отстапуваат, осигурувачот двата неода ги предава на третиот вештак - претседателот.
Претседателот дава свое стручно мислење по спорните прашања во границите на наодите на двата вештака и по еден примерок дава на осигуреникот и осигурувачот.
5. Секоја странка ги сноси трошоците за својот вештак. Трошоците за претседателот ги сносат двете странки по половина.

**УТВРДУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ПО ОСНОВ НА ОСИГУРУВАЊЕ-ПРЕСМЕТКА НА ШТЕТА**
**Член 21**

(1) Осигурувачот е во обврска да исплати надомест по основ на осигурувањето за штети причинети од осигурени ризици по одредбите на овие Општи услови, односно по Посебните услови, по кои осигурувањето е склучено и тоа во договорениот рок кој неможе да биде подолг од 14 дена сметајќи од денот кога осигурувачот добил известување дека настанал осигурен случај и во колку се доставени сите доументи потребни за ликвидација на штетата.
(2) Ако за утврдување на обврската на осигурувачот или нејзиниот износ е потребно извесно време, рокот од 14 дена почнува да тече од денот кога е утврдена неговата обврска и нејзиниот износ.
(4) Пресметката на штетата се врши на следниот начин:
1. Ако сумата на осигурување е иста или поголема од стварната вредност на животното, штетата се пресметува од стварната вредност на животното.
2. Ако сумата на осигурување е помала од стварната вредност на животното, штетата се пресметува од сумата на осигурување.
3. Ако сумата на осигурување е помала од стварната вредност на животното а имало искористување, штетата се пресметува во сразмер помегу сумата на осигурување и стварната вредност на осигуреното животно.
Пресметката на штетата според претходната алинеја се врши само во случај кога искористувањето е поголемо од 40% од стварната вредност на осигуреното животно.
(5) При утврдување на висината на штетата се земаат предвид и евентуалните трошоци што во смисла на член 28 од овие Услови ги признава осигурувачот и искористувањето што е добиено од осигуреното животно.
(6) Во случај на присилно колење поради опасност од пцовисување или од економски причини, осигурувачот ја исплаќа штетата максимум до 60% од сумата на осигурување на осигуреното животно. Ако осигуреникот не изврши принудно колење или тоа го сторил со задоцнување или со некоја друга постапка ја намалил вредноста на искористувањето, осигурувачот ке ја намали висината на штетата за толку за колку осигуреникот со своето однесување допринел за намалување на вредноста на искористувањето од настраданото животно.
(7) Ако осигуреникот при склучување на договорот за осигурување или во тек на неговото траење не му ги пријави на осигурувачот сите животни од ист вид, надоместокот од осигурувањето ке се

пресмета во сразмер помеѓу бројот на осигурените животни и вкупниот број на животни од ист вид што ги има осигуреникот на денот на штетата.

(8) Ако осигуреникот има повеќе осигурувања за ист вид на животни, а има и полиси со неистечена каренца и неможе да се утврди по која полиса е осигурено настраданото животно, надоместокот од осигурување ке се пресмета во сразмер помеѓу бројот на животните по полисите кои не се во каренца и вкупниот број на животни по сите полиси кои се во сила.

(9) Ако осигуреникот не го известил осигурувачот за зголемениот ризик, а премијата поради тоа требало да биде зголемена, при настанување на штета надоместокот од осигурувањето ќе се пресмета во сразмер помеѓу платената премија и премијата која според зголемениот ризик требало да се плати.

10) Износот на надоместокот по основ на осигурување неможе да биде поголем од штетата што осигуреникот ја претрпел со настанување на осигурениот случај.

(11) Како стварна вредност на животното се смета вредноста што ја имало пред заболувањето што била причина за настанување на штетата.

(12) Ако се плати дополнителна премија и се вклучи ризикот губење на теле или ждребе при отелување или ождребување , и доколку настане осигурен случај , осигурувачот штетата ја исплатува за кравата или кобилата согласно сумата на осигурување, а за телето или ждребето до 20% од сумата на осигурување на кравата или кобилата.

**ФРАНШИЗА**

**Член 22**

Осигуреникот во секој осигурен случај учествува со 10% франшиза од сумата на осигурување, освен ако поинаку не е договорено и наведено во полисата за осигурување

**НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ**

**Член 23**

(1) Осигурувачот ги надоместува трошоците на осигуреникот за извршување на принудно колење и преглед на месото.

Другите трошоци направени за спречување на појавување на осигурен случај или намалување на штетата, осигурувачот ги признава но само ако дал согласност за преземање на соодветни мерки или ако тоа е посебно договорено со договорот за осигурување.

(2) Трошоците за превоз и нештетно отстранување на лешот, секција на пцовисаното животно и издавање на ветеринарни документи паѓаат на товар на осигуреникот.

**НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ**

**Член 24**

(1) Сите известувања и пријави што осигуреникот е должен да ги направи во смисла на одредбите од овие и други услови за осигурување, задолжително треба писмено да се потврдат, ако се најавени усно, со телеграма или на некој сличен начин.

Како ден на прием на известувањето односно пријавата се смета денот кога е примено известувањето односно пријавата.

(2) Договорите кои се однесуваат на содржината на договорот за осигурување полноважни се ако се склучени во писмена форма.

**ПРОМЕНА НА АДРЕСАТА - ИМЕТО (ФИРМАТА)**
**Член 25**

(1) Договорувачот на осигурувањето е должен за промена на името или адресата, односно промена на името на фирмата и седиштето (деловни простории) да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од настанатата промена.
(2) Ако договарачот на осигурувањето не го извести осигурувачот за измените од претходниот став, за полноважност на известувањето доволно е ако осигурувачот упати препорачано писмо на последната му позната адреса на договарачот. Известувањето стапува полноважно на денот кога би станало ако не настане промена од претходниот став.

**ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА**
**Член 26**

(1) На осигурувачот му припаѓа премијата за тековната осигурителна година во целост ако:
1) Настанал осигурен случај поради која и да е основна или дополнителна договорена опасност
2) Осигурувањето престанува затоа што осигурувачот врз основа на одредено дејство или пропуст на осигуреникот го раскинал договорот за осигурување
(2) Осигурувачот го враќа делот од премијата за неискористеното време на осигурување ако осигуреното животно пцовисало, било заклано или убиено поради неосигурена опасност или пак било продадено , и тоа од денот кога осигуреникот тоа писмено го побарал од осигурувачот.

**НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР**
**Член 27**

Во случај на спор помеѓу договорувачот на осигурувањето или осигуреникот и осигурувачот, надлежен е стварно надлежниот суд според местото на склучување на договорот за осигурување.

**ПРИМЕНА НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ**
**Член 28**

Општите услови за осигурување на животни се применуваат и на осигурувањата кои се склучени по Посебните услови за осигурување на животни доколку одредбите од овие Услови не се во спротивност со одредбите од Посебните услови.

**ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**
**Член 29 Информации во врска со обработка на лични податоци**
[1] Идентитет и контакт на податоците на контролорот и офицерот за заштита на личните податоци: Контролор: Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, Седиште во Скопје на ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2, e-mail: info@halkinsurance.com.mk, Офицер за заштита на личните податоци: dpo@halkinsurance.com.mk. Дополнителни податоци за офицерот за заштита на личните податоци може да најдете на интернет страницата на Друштвото www.halkinsurance.com.mk.

**Член 30 Обработка и заштита на личните податоци**
[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје врши обработка (собирање, евидентирање, организирање, чување итн.) на лични податоци на осигуреници, договорувачи на осигурување, нивните законски застапници или полномошници во согласност со одредбите на Законот за заштита на лични податоци и другите релеванти позитивни законски прописи,

применувајќи соодветни технички и организациски мерки за обезбедување на безбедност на личните податоци. Собраните лични податоци се дел од збирките на лични податоци на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, а Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје во својство на контролор на личните податоци, истите ги користи согласно основните начела за обработка на лични податоци дефинирани во Законот за заштита на личните податоци.

**Член 30-а Правен основ за обработката на личните податоци**

[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје обработува лични податоци кои се неопходни при склучување на договорите за осигурување (полиси), врз основа на член 109 од Законот за супервизија на осигурување, а во согласност со Законот за заштита на личните податоци.
[2] Личните податоци се неопходни за обработка од страна Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје со цел исполнување на правата и обврските што произлегуваат од договорот за осигурување, односно обработката на истите претставува основа за оценување на осигурително покритие и степен на оштета.

**Член 30-б Цели за обработката на личните податоци**

[1] Личните податоци (телефонски број и електронска адреса – e-mail), Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува со цел остварување на контакт заради ефикасно остварување на права и обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување (полиси). Овие податоци за цели доставување на рекламни материјали, промоции, понуди како и за други цели на директен маркетинг од страна на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе бидат искористени само доколку имате дадено согласност, преку одбирање на соодветната опција за согласност. [2] Со цел водење на постапка за надомест на штета и воспоставување на бази на податоци за настанати штети, оценување на осигурително покритие и степен на оштета Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје обработува и копии од документи во кои се содржани и лични податоци. [3] Личните податоци од став 1 и став 2 на овој член Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува само врз основа на претходна согласност од субјектот на личните податоци, а недавањето на согласност за обработка на овие податоци може да има за последица несоодветно оценување на осигурително покритие или степен на оштета или пак неисплаќање на оштетно барање. [4] Согласноста за обработка на личните податоци од ставот 3 на овој член може да се повлече во секое време преку доставување на известување за повлекување на согласност по пошта на следната адреса: ул. Мајка Тереза бр.2, 1000 Скопје, со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса dpo@halkinsurance.com.mk. Со повлекување на согласноста за обработка на лични податоци Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ќе прекине со понатамошна обработка на личните податоци и истите ќе ги избрише од базите на податоци со што можат да настанат последици наведени во став 3 од овој член.

**Член 30-в Рокови на чување на лични податоци**

[1] Личните податоци, Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги чува во рок за цело времетраење на договорниот облигационен однос, односно најмногу до 10 години по истекот на договорот за осигурување или во случај на настанување на штета, 10 години по затворањето на случајот на настанување на штетата, односно од денот на целосната исплата на надоместокот за настаната штета согласно член 109 став 8 од Законот за супервизија на осигурување. [2] По истекот на роковите од став 1 на овој член личните податоци ќе бидат избришани/уништени од базите на податоци на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје и истите нема да се обработуваат за други цели.

**Член 30-г Права на субјектите на личните податоци**

[1] Остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци (право на пристап, корекција, бришење, ограничување на обработката на лични податоци, приговор и преносливост), се врши преку доставување на барање на електронската адреса на офицерот за заштита на лични податоци: dpo@halkinsurance.com.mk. На истата електронска адреса може да се достави барање во врска со сите прашања поврзани со обработката на личните податоци. [2] Доколку субјектот на лични податоци смета дека обработката на личните податоци за целите

наведени во член 35-б, од страна на Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје не е во согласност со одредбите на Законот за заштита на личните податоци, или пак смета дека е повредено некое право за заштита на личните податоци, има право да поднесе барање за утврдување на прекршување на прописите за заштита на личните податоци до Агенцијата за заштита на личните податоци како надлежен орган за вршење на надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија.

**Член 30-д Пренос на личните податоци**

[1] Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје може да изврши пренос на лични податоци во земји членки на Европската Унија, земји членки на Европскиот економски простор и трети земји. За вршење на преносот на лични податоци во земји членки на Европската унија и Европскиот економски простори се известува Агенцијата за заштита на личните податоци, а преносот на лични податоци во трети земји се врши по претходно добиено одобрени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци. При вршење на преносот на личните податоци се обезбедува високо ниво на технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци. Исто така, се обезбедуваат сите неопходни заштитни мерки за обезбедување на тајност и заштита на личните податоци преку стандардни клаузули за заштита на личните податоци кои се одобрени и објавени од страна на Европската комисија. Сите дополнителни информации во однос на заштитните мерки може да се добијат со поднесување на барање до по пошта на следната адреса: ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2 со назнака за Офицерот за заштита на лични податоци или преку електронска адреса dpo@halkisnurance.com.mk.

**Член 30-ѓ Обработка на лични податоци за цели на директен маркетинг**

[1] Личните податоци за цели на директен маркетинг, Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје ги обработува само врз основа на експлицитна согласност за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг за своите услуги. [2] Согласноста за обработка на личните податоци за цели на директен маркетинг може да се повлече во секое време, бесплатно, со писмено барање (доставено на следната електронска адреса: dpo@halkinsurance.com.mk или по пошта до Друштвото за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје, ул. Мајка Тереза бр.1 влез 2, 1000 Скопје, со назнака "До Офицерот за заштита на лични податоци").

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 31**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

ДОДАТОК кон Општите услови за осигурување на животни

| **Листа на заразни болести за различни видови на животни кои се покриени со осигурување ако посебно се договори и наведе на полиса за осигурување:** | |
|---|---|
| Крупни преживари | Тетанус, малигни едеми, пасторелоза, туберкулоза, шап, сипаници, везикуларен екзантем, беснило, лептоспироза, устрел, заразна плевропневмонија и малигна катарална треска |
| Копитари | Тетанус, малигни едеми, пастерелоза, туберкулоза, беснило, лептоспироза, сакагија, мит, епизоотичен лимфангит и заразна анемија |
| Ситни преживари | Тетанус, малигни едеми, пастерелоза, туберкулоза, шап, сипаници, везикуларен екзантем, беснило, лептоспироза и заразна ектима |
| Свињи | Тетанус, малигни едеми, пастерелоза, туберкулоза, шап, сипаници, везикуларна екзантема, беснило, лептоспироза, чума и црвен ветар |
| Птици | Туберкулоза, тифус, пулороза, леукоза, Марекова болест, шаркодифтерит, болест на Держи за патки и гуски и чума за патки |
| Риби | Вирусна хеморагична септикемија, инфективна панкреатична некроза, црвен ветер, фурункулоза, воспаление на пловниот меур |
| Пчели | Амариканска гнилост, нозематоза и акароза |
| **Листа на незаразни болести за различни видови на животни кои се покриени со осигурување:** | |
| Болести на дигестивниот систем | Опструкција или кршење на хранопроводот, акутен оток на стомакот, преплет или превртување на цревата, туѓи тела во предстомачниот дел |
| Болести на респираторниот систем | Акутна бронхопневмонија, кинење на белите дробови како последица на повреда или трауми |
| Медицински компликации по породувањето | Кинење, продупчење, свртување и испаѓање на матката, септикемија, пиемија, септикопиемија |
| Болести на срцето и црниот дроб | Ретикулоперикардит, акутен |

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ЖИВОТНИ
## ЗА ВРЕМЕ НА ИЗДРЖУВАЊЕ НА КАРАНТИН

### Предмет на осигурување
### Член 1

Предмет на осигурување по овие Посебни услови можат да бидат : копитари, говеда ,овци , свињи, егзотични животни и дивеч за време на престој во карантин во кој се наоѓат под специјален режим пропишан од овластена ветеринарна служба.

### Осигурани опасности
### Член 2

Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети настанати поради пцовисување, принудно колење или принудно отепување на осигурените животни поради болест или несреќен случај , од истите ризици предвидени во Општите услови за осигурување животни.

### Почеток и престанок на обврската на осигурувачот
### Член 3

(1) Обврската на осигурувачот почнува од часот кога престанува транспортното осигурување односно од моментот на сместување на животните во карантин и трае до договореното време додека се наоѓат во карантин.

(2) Кај ова осигурување не се применуват одредбите за каренца.

(3) Обврската на осигурувачот престанува во 24 часот од последниот ден од неговото траење, или порано во моментот кога животното ќе го напушти карантинот.

**Заштитни мерки**

**Член 4**

Додека трае карантинот, осигуреникот е должен на осигурените животни да ги изврши сите потребни и пропишани ветеринарно санитарни мерки на свој трошок, доколку не е поинаку договорено.

**Примена на Општите услови**

**за осигурување животни**

**Член 5**

На осигурувањата склучени по овие Посебни услови, доколку не се спротивни на нив, се применуваат и Општите услови за осигурување животни.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ ОД ОПАСНОСТИ
## КАСТРАЦИЈА И ОВАРИОТОМИЈА

**Предмет на осигурување**

**Член 1**

Предмет на осигурување по овие Посебни услови се: пастуви, магариња, маски, мули, бикови, јарци, нерези и прасици.

**Осигурени опасности**

**Член2**

Осигурувачот е во обврска да плати надоместок од осигурување за штети настанати на осигурените животни при пцовисување, принудно колење или отепување поради болест или несреќен случај како непосредна последица на извршената кастрација- овариотомија оли соборување на животното при самата кастрација.

**Почеток и престанок**

**на обврскста на осигурувачот**

**Член 3**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надомест од осигурување за штети од кастрација или овариотомија почнува од оној ден кој во договорот за осигурување е наведен како почеток на осигурувaето, односно од моментот на пристап на соборување на животното поради извршување на кастрацијата или овариотомијата, ако премијата е платена, и важи триесет дена по извршента кастрација или овариотомија.

(2) Кај оваа осигурување не се применуваат одредбите за каренца.

**Пријавување и утврдување на штети**

**и надоместок од осигурување**

**Член 4**

Ако во текот на траење на осигурувањето се појават последици од извршената кастрација-овариотомија, обврската на осигурувачот за надоместок поради тие последици продолжува и

понатаму, под услов, осигуреникот веднаш или додека трае осигурувањето да го пријави случајот на осигуреникот и ветеринарот поради лекување.
Лекувањето на болните животни паѓа на товар на осигуреникот доколку поинаку нее договорено.
Со неизвршувањето на оваа пријава осигуруникот го губи правото на надомест на штета настаната при кастрација- овариотомија по истек на осигурувањето од 30 дена.
Осигурувањето е во важност само тогаш ако кастрацијата-овариотомијата ја изврши дипломиран ветеринарен лекар или овластено лице за вршење на кастрација.

**Примена на општите услови за осигурување животни**

**Член 5**

На осигурувањата склучени по овие Посебни услови, доколку не се спротивни на нив, се применуваат и Општите услови за осигурување животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 6**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

## ПОСЕБНИ УСЛОВИ
## ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЖИВОТНИ НА ИЗЛОЖБИ

**Предмет на осигурување и осигурани опасности**

**Член 1**

Предмет на осигурување по овие Посебни услови можат да бидат : копитари, говеда, овци, свињи, кокошки, зајаци, кучиња, мачки, птици, риби и други животни на изложби, од штети што можат да настанат поради пцовисување, присилно колење и отепување поради болест или несрекен случај,

**Услови за склучување на осигурување**

**Член 2**

(1) Сите изложени животни од ист вид задолжително се осигуруваат доколку ги исполнуваат условите за прием во осигурување.
(2) Доколку на влезот во изложбениот простор се утврди дека оделни животни се исцрпени, во слаба кондиција, болни или се сомнева на некоја заразна болест, таквите грла не можат да бидат предмет на осигурување.

**Сума на осигурување**

**Член 3**

Сумата на осигурување се договара со осигуреникот односно договарачот на осигурувањето за групи или поедини животни во висина на нивната вистинска вредност утврдена од стручна комисија.

**Траење на осигурувањето и надомест од осигурување**

**Член 4**

(1) Обврската на осигуруачот да плати надомест од осигурување почнува од денот на пристигнување на животното на изложбениот простор и трае се додека животното не го напушти , но најдолго до 24 часот од следниот ден по службеното затварање на изложбата, доколку дотогаш животното не го напуштило изложениот простор.

(2) Во случај на заболување на животното во времето додека трае изложбата, осигуреникот заболувањето треба веднаш да го пријави кај осигурувачот и ветеринарниот лекар. Обврската на осигурувачот тогаш се продолжува и по затворање на изложбата до оздравувањето или настанување на осигуран лучај од пријавената болест, но најмногу до 30 дена.

Трошоците за лекување и сл. се на товар на осигуреникот доколку поинаку не е договорено.

(3) Кај оваа осигурување не се применуваат одредбите за каренца на Општите услови за осигурување на животни.

(4) Осигурувачот е обврзан да плати надомест за штета која се пресметува врз основа на сумата на осигурување како вистинска вредност на животното.

**Примена на општите услови за осигурување животни**

**Член 5**

На осигурувањата склучени по овие Посебни услови, доколку не се спротивни на нив, се применуваат и Општите услови за осигурување животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 6**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ЕГЗОТИЧНИ ЖИВОТНИ ВО ЗООЛОШКИ ГРАДИНИ И НАДВОР ОД НИВ**

**Предмет на осигурување**

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Посебни услови можат да бидат здрави цицачи, влекачи, птици во зоолошки градини и други украсни, егзотични и диви животни надвор од зоолошките градини во заграден или затворен простор и тоа:

1. животни од 6 месеци до староста која за соодветните животни важи како просек на времето кое можат да го поминат во заграден или затворен простор;
2. европски егзотични животни, ако во соодветната зоолошка градина поминале најмалку еден месец, т,е, новодонесени по издржаниот карантин.
3. воневропски егзотични животни ако во зоолошката градина поминале најмалку два месеца, т.е. новодонесени по издржаниот карантин.

(3) Не можат да се осигурат животни со незнатна големина и вредност.

(4) Може да се осигураат животни во зоолошки градини и надвор од нив, наведени во став 1, во кој постојат соодветни услови за чување на такви животни и истите ги исполнуваат следниве услови:

1) Локација и сместување кои одговараат на зоохигиенските и зоотехничките услови за одреден вид животни
2) Соодветни стручни лица за хранење и негување на животните
3) Постојана или хонорарна ветеринарна служба

(5) Неможе да се осигураат животни со непозната големина и вредност

**Опасности опфатени со осигурување**

**Член 2**

Осигурувачот е во обврска да плати надомест од осигурување за штети при пцовисување, принудни колење или отепување поради болест или несрекен случај.

**Опасности кои не се опфатени со осигурување**

**Член 3**

(1) Осигурувачот не е во обврска да плати надомест за штети настанати поради:

1. лигавка и шап, свинска чума, туберкулоза, бруцелоза, инфективна анемија, леукоза и други болести кои се сузбиват врз основа на закон, па и во случај ако тие болести се установени само со клинички преглед;
2. потребата за принудно отепување на животните поради напуштање на своето постојано живеалиште
3. потребата за принудно колење или отепување на животните или шкартирање поради губење на убавина, приплодна способност или атрактивна вредност.

**Услови за осигурување**

**Член 4**

Можат да се осигурат животните во зоолошки и вон зоолошки градини наведени ви член 1 во кои постојат соодветни услови за чување на такви животни и ги исполнуваат следните услови:

1. да има соодветна локација и соодветно сместување кои одговарат на зоохигиенските и зоотехничките услови за соодветните видови животни;
2. да има соодветни стручни лица за хранење, нега и постапка со животните;
3. да има постојана или хонорарна ветеринарна служба поврзана за едно стручно одговорно лице.

**Сума на осигурување**

**Член 5**

Животните се осигуруват на износ кој се договара со осигуреникот (сума на осигурување).

**Обврска на осигуреникот**

**Член 6**

(1) Покрај обврските на осигуреникот предвидени со Општите услови за осигурување на животни во поглед на оигурителниот однос и придржувањето на заштитните мерки, осигуруникот е должен да води евиденција за осигурените животни од која мже да се утврди потеклото, староста и времето поминато во затворен простор за секое одделно животно.

(2) Сите млади животни од родот мачки пред приемот во осигурување мора да бидат вакцинирани против леукопенија.

(3) Осигуреникот е должен да ги спроведува сите заштитни мерки на животните за кои постои обврска според ветеринарно-санитарните прописи, со закон пропишаните мерки за сузбивање на заразни и паразитарни болести, како и останатите ветеринарносанитарни и сточарски прописи и наредби.

(4) Во случај на потреба осигурувачот може да бара како за одделните видови, така и за одделни животни, при прием во осигурување и во текот на неговото траење заштитно вакцинирање.

**Почеток на обврската на осигурувачот**

**Член 7**

(1) Обврската на осигурувачот да плати надоместок од осигурување за штети настанати поради несреќен случај почнува по 48 часа од денот кога осигурувањето е склучено.

(2) Обврската на осигурувачот да плати надомест за штети настанати поради болест почнува:

1. за животни од Европско потекло или подновени во соодветната зоолошка градина во 24 часот на 21-от ден од денот на склучувањето на осигурувањето;
2. за животни од воневропско потекло, а кои не се подновени во таа зоолошка градина во 24 часот од 30-от ден од денот на склучувањето на осигурувањето.

**Пресметување на надоместок од осигурување**

**Член 8**

Пресметувањето и утврдувањето на надоместокот се врши по Општите услови за осигурување животни.

Висината на надоместокот се исплатува до висина на сумата на осигурување намалена за вредноста на искористувањето.

**Примена на општите услови за осигурување животни**

**Член 9**

На осигурувањата склучени по овие Посебни услови, доколку не се спротивни на нив, се применуваат и Општите услови за осигурување животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 10**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**
**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПТИЦИ-КОКОШКИ**
**Предмет на осигурување**
**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Посебни услови можат да бидат здрави кокошки кои се во посебен технолошки процес на производство и тоа:

1. пилиња при гоење-бројлери во старост од 1 ден до завршувањето на гоењето, а најмногу до 60 дена.
2. подмладок (јарки и петлиња) во старост од 1 ден до завршување на одгледувањето а најмногу до 6 месеци.

Приплодни петли и кокошки несилки за производство на јајца за репродукција (матично јато) и консумни јајца (производно јато) на старост од 5 до 12 месеци.(2) Осигуреникот е должен да ги осигура сите кокошки (пилиња, подмладок, носилки и петли) кои се способни за осигурување.

(3) Објектите за производство морат да имат агрегат за електрична струја како и систем за вентилација во исправна состојба кое со записник се констатира од страна на дипломиран електро-инжинер ,пред да се примат кокошките во оигурување.

(4) Не можат да се осигурат:

- птици-кокошки кои се одгледуваат на екстензивен начин
- болни птици-кокошки или оние за кои постои сомнение за некоја заразна болест
- Закжлавени птици-кокошки и оние во лоша кондиција

**Опасности (ризици) опфатени со осигурување**
**Член 2**

(1) Со осигурување се опфатени опасностите- ризиците угинување на кокошките поради болест или несрекен случај освен опасностите наведени во член 3 од овие услови.

1. Како несрекен случај се смета ненадеен и од волјата на осигуреникот независен настан кој делува од надвор на осигурените животни и има за последица заболување, лекување, принудно колење, принудно отепување или пцовисување, а наведен е во Општите услови за осигурување на животни во член 2 .
2. Од болестите се опфатени сите вирусни, бактериолошки и габични заболувања, за кои во случај на штета во Законот или со посебните правилници нема предвиден надомест од буџетските средства.

(2) Осигурувањето не го покрива износот на штети од овие ризици кој е во висина на договорената технолошка смртност евидентирана во полисата.

**Опасности (ризици) кои не се опфатени со осигурување**
**Член 3**

(1) Со осигурување не се опфатени штети кои ќе настанат поради:

1. земјотрес, нуклеарна експлозија, радиоактивна контаминација,пожар угинување и труење со чад.
2. неправилна и недоволна исхрана или исхрана со штетна храна настаната по вина на осигуреникот.
3. неспроведување и непридржување на утврдениот технолошки процес, пропишаните превентивни мерки и зоохигиенскиот минимум.
4. ненавремено лекување или непридржување кон упатството добиено од ветеринарот,

5. колење или отепување по налог на надлежен орган за сузбивање на заразни, паразитарни или одгледни болести.
6. селекција поради производни особини или физички изглед.
7. колење или отепување од страна на осигуреникот без претходна согласност на осигуреникот.
8. транспорт.
9. Неспроведување на утврден технолошки процес и нормативи за одредени линии кокошки, пропишани превентивни мерки, како и непрдржување кон зоохигиенските минимуми.

**Сума на осигурување**

**Член 4**

(1) Сумата на осигурување се утврдува спогодбено со осигуренокот и тоа:
1. за пилиња во гоење-бројлери, на вредноста што ке ја имат на крајот на гоењето.
2. за подмладокот на вредноста што ке ја имат на крајот на одгледувањето, односно пред нивно преведување во категорија носилки.
3. за носилки и петли врз основа на просечната вредност на грлата, која е еднаква на аритметичката средина на вредностите од сите 12 месеци со примена на пропишаната амортизација од 6% месечно. Сумата на осигурување се добива врз основа на посебно изработена табела за вредноста на несилките или петлите по месеци. Табелата се изработува на следниот начин: појдовна основа е вредноста на 18 неделна јарка. Од оваа вредност се одзема за секој месец освен за првиот по 6% од основната вредност на име амортизација. После 12 месеци (колку што изнесува технолошкиот период на експлоатацијана носилките) вкупната амортизација е 66%. Како кланична вредност на носилките останува 34% (од вредноста).

**Почеток и завршеток на обврската на осигурувачот**

**Член 5**

(1) Обврската на осигурувачот за надомест на штети започнува согласно Општите услови за осигурување на животни.
(2) Обврската на осигурувачот за надомест на штети престанува:
1. за пилиња во гоење во моментот кога тие ќе го напуштат производниот објект, а најдоцна до 24 часот на шеесетиот ден од денот на почетокот на осигурувањето.
2. за подмладокот (јарки и петлиња) во моментот кога тие ќе го напуштат производниот објект, а најдоцна до 24 часот на денот кој во полисата е означен како ден на истек на осигурувањето.
3. за носилки и петли во 24 часот на денот кој во полисата е означен како ден на истек на осигурувањето или порано ако пред тој рок го напуштат производниот објект.

**Место на осигурување**

**Член 6**

(1) Осигурувањето е во сила додека осигурените кокошки се наоѓат во објектите означени во полисата за осигурување, односно списокот на осигурани животни.
(2) Во случај на неопходна потреба (поради технички, технолошки или епизоотиолошки причини) од преселување од објектите наведени во полисата или списокот на осигурани животни, осигуреникот е должен да го извести осигурувачот пред да почне со преселувањето.

**Извид и процена на штета**

**Член 7**

(1) Извидот и процената на штета се врши на лешот на угинатата кокошка.
(2) Осигуреникот е должен при настанување на штета (угинување над 1% во објект за 1 ден на бројлери, или над 0,5% за подмладок или носилки) веднаш да го извести осигурувачот.

(3) Осигурувачот е должен да го види шталскиот дневник со податоци со дата и број на внесени кокошки во објектот, дневна и кумулативна смртност, превземени ветеринарно санитарни мерки и причини за штети.

Шталскиот дневник (извод, фотокопија, препис) осигуреникот е должен да ги достави до осигурувачоти тоа:

1. За пилиња во гоење (бројлери) во рок од 5 дена по завршување на гоењето.
2. За подмладок и носилки до петти во наредниот за претходниот месец.

**Пресметка на штета**

**Член 8**

(1) Пресметката на штета за угинатите пилиња во гоење (бројлери) се врши според табелата за вредност на бројлерите по денови.

Табелата се изработува- составува на тој начин што се зема влезната вредност на еднодневното пиле и за секој изминат ден во гоењето се додава по една шеесетина до крајната вредност (сума на осигурување) намалена за износот на влезната вредност.

(2) Пресметката на штетата за угинат подмладок (јарки и петлиња) се врши според табелата за вредноста на подмладокот по недели.

Табелата се изработува - составува на следниот начин:

Осигурената сума се намалува за износот на влезната вредност на еднодневни пилиња. Остатокот се дели на онолку делови колку што во недели е договорено траењето. Висината на штетата ке се пресметува на тој начин што влезната вредност на еднодневните пилиња се зголемува за толку делови колку што недели поминале од почетокот на осигурувањето до настанување на штетата. Како недела се смета период од 7 дена.

(3) Пресметката на штетата за угинати кокошки носилки или петли се врши на тој начин што осигурената сума се намалува за процентот на амортизација за секој месец на траење на осигурувањето.

Процентот на амортизација изнесува 6% месечно. За првиот месец на производство не се пресметува амортизација.

**Примена на општите услови за осигурување животни**

**Член 9**

На осигурувањата склучени по овие Посебни услови, доколку не се спротивни на нив, се применуваат и Општите услови за осигурување животни.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**
**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПАСТРМКИ**

**Предмет на осигурување**

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Посебни услови се здрави риби- пастрмки, со најмала должина од 10 сантиметри, кои се во посебен технолошки процес на одгледување или гоење во за таа намена изградени објекти - базени или кафези.

(2) Осигуреникот мора да ги осигура сите пастрмки способни за осигурување кои се наменети за одгледување или гоење.

**Опасности опфатани со осигурување**

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да надомести штета предизвикана со угинување на осигурените пастрмки поради болест или несреќен случај.

1. Во смисла на овие Посебни услови како несреќен случај се смета:

- труење на рибите;
- удар на гром и
- затнување на доводните канали или мрежи,
- замрзнување на водата, доколку биле превземени сите потребни превентивни мерки.
- Органски болести
- Паразитози
- Болест од непознати етиологии

(2) Ако посебно е договорено и е платена додатна премија ,осигурувачот е во обврска и за штета настаната поради бегање на рибите при поплава, односно поради превртување на кафезите поради луња.

Под поимот поплава се смета стихијско надојдување на вода во бзените од порои, излевање на реки од корита и канали и провалување на одбрамбени насипи или брани.

Под појмот луња, во смисла на овие Посебни услови се смета ветер со брзина од над 17,2 метри во секунда (8 степени според Бофоровата скала).

**Опасности кои не се опфатени со оигурување**

**Член 3**

(1) Со осигурување по овие Посебни услови не се Опфатени ризиците и осигурувачот не е во обврска за штети настанати поради:

1. Земјотрес, нуклеарна експлозија, радиоактивна контаминација.
2. Загушувања на пастрмките настанато како последица на недостиг на вода во објектите (истечување, недоволно втечување на свежа вода), ако во објектот има поголемо количество на пастрмки отколку што дозволува капацитетот на објектот и сл.
3. Издвојување на пастрмките поради физички изглед, повреди или недоволен прираст.

4. Угинување на пастрмките настанато како последица на неисполнување на ветеринарно-санитарните мерки за спречување и отстранување на болести предвидени со законски прописи или прописи донесени врз основа на закон па и во случај ако надлежниот орга не донесол посебна одлука за превземање на тие мерки.
5. Уништување на пастрмките по налог на надлежен орган заради спречување или отстранување на болести.
6. Неправилна или недоволна исхрана по грешка на осигуреникот.
7. Неблаговремено лекување и неспроведување на зоохигиенски и превентивни мерки.
8. Голема немарност и намерно причинета штета од осигуреникот или лица на кои осигуреникот им ја доверил грижата за пастрмките.
9. Завреме на транспорт на пастрмките со превозни средства.
10. Бегање на пастрмките од објектите поради поплава или луња, доколку поинаку не е договорено.
11. Кражба.
12. Штети од птици грабливки.

**Сума на осигурување**

**Член 4**

(1) Сумата на осигурување на пастрмките за одгледување- приплод се утврдува според тежината и договорената цена за 1 килограм жива мера.

(2) Сумата на осигурување на пастрмките при гоење се утврдува врз основа на тежината што ќе се добие на крајот на гоењето или осигурителниот период и договорената цена за 1 килограм жива мера.

(3) Сумата на осигурување не може да биде поголема од пазарната вредност на пастрмките.

**Обврски на осигуреникот**

**Член 5**

(1) Осигуреникот има обврска да води точна евиденција од која може да се види: денот на ставање на пастрмките за гоење односно приплод, број, должина и тежина на пастрмките по објекти, дневно и месечно угинување (број и тежина), на одделни пастрмки, број и тежина на продадени пастрмки и сл.

(2) Рибогојницата мора да ги има следните податоци:
1. Ознака на базенот или кафезот.
2. Број и тежина на пастрмките, дневна и месечна.
3. Број и тежина на рибите кои без оглед на причините се отстранети од објектот - базенот или кафезот.
4. Книга за температурата на водата и воздухот.
5. Книга со податоци за количество на кислород во водата.
6. Книга со податоци за исхраната.
7. Книга со податоци за употреба на лекови, лекување и анализи.
8. Евиденција за хемиска анализа на водата.

(3) Осигуреникот е должен да ги спроведува сите заштитни мерки против заразни, одгледни и паразитарни болести на пастрмките.

(4) Осигуреникот е должен да се грижи за постојана ветеринарна контрола на осигурените пастрмки а во случај на заболување или незгода потребната ветеринарна интервенција, да се придржува на упатствата на ветеринарот и да превземе се што е потребно за да се спречи појава на штета; односно намали големината наштетата.

(5) Доколку осигуреникот не ги спроведува или целосно не ги спроведува пропишаните или договорени мерки, осигурувачот нема никакви обврски за штетите настанати поради неспроведените или нецелосно спроведување на пропишаните или договорени мерки.
(6) Осигурувачот го задржува правото за преглед на евиденцијата утврдена во овој член како и преглед на објектите и рибите за време на траење на осигурувањето, а осигуреникот е должен да му овозможи таков преглед.
(7) Осигуреникот има обврска навремено да го извести осигурувачот за секое ново внесување на риби во објектот. За новиот внес се прави нова полиса.

**Место на осигурување**

**Член 6**

Место на осигурување е објектот во кој се наогат рибите и кое во полисата е наведено како место на осигурување.

**Утврдување, процена и ликвидација на штета**

**Член 7**

(1) Настанувањето на штетата го утврдуват осигуреникот, осигурувачот и ветеринар.
Ако претставникот на осигурувачот не може да присуствува при утврдувањето на штетата истата ја утврдуват осигуруникот и ветеринарот.
(2) При утврдување на штетата треба да се утврди околноста под која настанала, причината за штетата и обемот на штетата.
При угинување на поголем број пастрмки, пригоден материјал треба да се испрати на преглед во научна установа заради утврдување на причините за угинувањето.
(3) Осигуреникот е должен веднаш да го извести осигурувачот ако во одделни објекти количеството на заболени или угинати пастрмки е поголемо од 50 килограми за големи, односно 25 килограми за помали објекти. (објект се смета целото рибогоилиште а не кафез)
(4) Осигуреникот е должен до 10-ти во месецот за претходниот месец да му достави на осигурувачот пријава за штета во која се содржани податоци за бројот и тежината на угинатите пастрмки дневно и месечно со дијагноза - причина за угинувањето.
(5) Штетата се ликвидира врз основа на вистинската тежина на пастрмките на денот на угинувањето и договорената цена за еден килограм жива мера.
(6) Сите трошоци во врска со лекувањето на разболените пастрмки, трошоците за праќање на материјали

**Важност на Општите ослови за осигурување животни**

**Член 8**

До колку не се спротивни на овие Посебни услови, на овие осигурувања се применуваат и Општите услови за осигурување на животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуравње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ШАРАНИ (ЦИПРИНИДИ)**

**Предмет на осигурување**

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Посебни услови се здрави шарани (бел амур, тостолобик, сом, и др.), наменети за приплод или гоење со најмала должина од 10 сантиметри, кои се одгледуваат во објекти (рибници, кафези) изградени за таа намена.

(2) Осигуреникот е должен да ги осигура сите шарани способни за осигурување .

**Опасности -ризици опфатани со осигурување**

**Член 2**

(1) Осигурувачот е во обврска да надомести штета предизвикана со угинување на осигурените шарани поради болест или несреќен случај.

1. Во смисла на овие Посебни услови како несреќен случај се смета:

- труење;
- удар на гром ;
- затнување на доводните канали или мрежи,и
- замрзнување на водата ,доколку биле превземени сите потребни превентивни мерки.

(2) Ако посебно е договорено и е платена дополнителна премија ,осигурувачот е во обврска и за штета настаната поради бегање на рибите при поплава, односно поради превртување на кафезите поради луња.

Под поимот поплава се смета стихијско надојдување на вода во бзените од порои, излевање на реки од корита и канали и провалување на одбрамбени насипи или брани.

Под појмот луња, во смисла на овие Посебни услови се смета ветер со брзина од над 17,2 метри во секунда ( 8 степени според Бофоровата скала).

**Опасности кои не се опфатени со оигурување**

**Член 3**

(1) Со осигурување по овие Посебни услови не се опфатени ризиците и осигурувачот не е во обврска за штети настанати поради:

1. Земјотрес, воени настани, демонстрации и манифестации;.
2. Загушувања како последица на недостиг на вода во објектите (истечување, недоволно втечување на свежа вода, од намерно пуштање на вода од објектот, замрзнување на водата а не се направени отвори, ако во објектот има поголемо количество на риби отколку што дозволува капацитетот на објектот).
3. Селекција поради физички изглед, повреди или недоволен прираст.
4. Угинување настанато како последица на неисполнување на ветеринарно-санитарните мерки за спречување и отстранување на болести предвидени со законски прописи или прописи донесени врз основа на закон па и во случај ако надлежниот орга не донесол посебна одлука за превземање на тие мерки.
5. Уништување по налог нанадлежен орган заради спречување или отстранување на болести.
6. Поради неправилна и недоволна исхрана или исхрана со штетна храна по грешка на осигуреникот.

7. Неблаговремено лекување и неспроведување на зоохигиенски и превентивни мерки.
8. Голема немарност и намерно причинета штета од осигуреникот или лица на кои осигуреникот им ја поверил грижата за рибите.
9. Завреме на транспорт.
10. Бегање на рибите од објектите поради поплава или луња, доколку поинаку не е договорено.
11. Кражба.
12.. Уништување на рибитеод животни или птици.

**Сума на осигурување**

**Член 4**

(1) Сумата на осигурување на шараните за одгледување - приплод се утврдува според тежината и договорената цена за 1 килограм жива мера.

(2) Сумата на осигурување при гоење се утврдува врз основа на тежината што ќе се добие на крајот на гоењето или осигурутелниот период и договорената цена за 1 килограм жива мера.

(3) Сумата на осигурување не може да биде поголема од пазарната вреднот на рибите.

**Обврски на осигуреникот**

**Член 5**

(1) Осигуреникот е во обврска да води точна евиденција од која може да се види: денот на ставање на шараните за гоење односно приплод, број, должина и тежина на рибите по објекти, дневно и месечно угинување ( број и тежина), на одделни парчиња шарани, број и тежина на продадени парчиња и сл.

(2) Рибогојницата мора да ги има следните податоци:

1. Ознака на базенот или кафезот.
2. Број и тежина на шараните, дневна и месечна.
3. Број и тежина на рибите кои без оглед на причините се отстранети од објектот - базенот или кафезот.
4. Книга за температурата на водата и воздухот.
5. Книга со податоци за количество на кислород во водата.
6. Книга со податоци за исхраната.
7. Книга со податоци за употреба на лекови, лекување и анализи.
8. Евиденција за хемиска анализа на водата.

(3) Осигуреникот е должен да ги спроведува сите заштитни мерки против заразни, одгледни и паразитарни болести .

(4) Осигуреникот е должен да се грижи за постојана ветеринарна контрола на осигурените шарани а во случај на заболување или незгода потребната ветеринарна интервенција, да се придржува на упатствата на ветеринарот и да превземе се што е потребно за да се спречи појава на штета; односно намали големината наштетата.

(5) Доколку осигуреникот не ги спроведува или целосно не ги спроведува пропишаните или договорени мерки, осигурувачот нема никакви обврски за штетите настанати поради неспроведување или нецелосно спроведување на пропишаните или договорени мерки.

(6) Осигурувачот го задржува правото за преглед на евиденцијата утврдена во овој член како и преглед на објектите и рибите за време на траење на осигурувањето, а осигуреникот е должен да му овозможи таков преглед.

(7) Осигуреникот има обврска навремено да го извести осигурувачот за секое ново внесување на риби во објектот. За новиот внес се прави нова полиса.

**Место на осигурување**

**Член 6**

Место на осигурување е објектот во кој се наоѓат рибите и кое во полисата е наведено како место на осигурување.

**Утврдување, процена и ликвидација на штета**

**Член 7**

(1) Настанувањето на штетата го утврдуват осигуреникот, осигурувачот и ветеринар.

Ако претставникот на осигурувачот не може да присуствува при утврдувањето на штетата истата ја утврдуват осигуруникот и ветеринарот.

(2) При утврдување на штетата треба да се утврди околноста под која настанала, причината за штетата и обемот на штетата.

При угинување на поголем број риби , пригоден материјал треба да се испрати на преглед во научна установа заради утврдување на причините за угинувањето.

(3) Осигуреникот е должен веднаш да го извести осигурувачот ако во одделни објекти количеството на заболени или угинати риби е поголемо од 50 килограми за големи, односно 25 килограми за помали објекти. (објект се смета целото рибогоилиште а не кафез)

(4) Осигуреникот е должен до 10-ти во месецот за претходниот месец да му достави на осигурувачот пријава за штета во која се содржани податоци за бројот и тежината на угинатите риби, дневно и месечно со дијагноза-причина за угинувањето.

(5) Штетата се ликвидира врз основа на вистинската тежина на рибите на денот на угинувањето и договорената цена за еден килограм жива мера.

**Важност на Општите услови за осигурување животни**

**Член 8**

До колку не се спротивни на овие Посебни услови, на овие осигурувања се применуваат и Општите услови за осигурување на животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КУЧИЊА**

**Предмет на осигурување**

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат здрави кучиња кои имаат микрочип со единствен број на идентификација, и тоа:

1) помлади кучиња на возраст од 3 месеци до навршени 9 години и

2) постари кучиња на возраст од 10 години до навршени 14 години. Ова осигурување се склучува под услов кучињата да може недвосмислено да се идентификуваат, да се заштитно вакцинирани од заразни болести за млади кучиња: кучешка чума, вирусен ентеритис – парвовироза, хепатитис и лептоспироза.

(2) Ако однапред се договори и се плати дополнителна премија за трошоци за лекување на кучиња, предмет на осигурување по овие Посебни услови можат да бидат и кучиња на возраст од 3 месеци до навршени 14 години, под услов кучињата постари од 10 години да се во осигурување од 7-та година.

(3) Согласно овие Услови, не се предмет на осигурување:

1) исцрпени и болни кучиња и кучиња во лоша кондиција;

2) кучиња што живеат во лоши услови; и

3) кучиња што не се под надзор член 2: опасности опфатени со ова осигурување

**Опасности опфатени со осигурување**

**Член 2**

(1) Осигурувачот има обврска да ја надомести штетата која ќе настане под нормални услови на одгледување на кучиња, и тоа од следните опасности:

1) Потесно покритие – пцовисување на куче поради несреќен случај;

2) Пошироко покритие – пцовисување на куче поради несреќен случај или болест.

(2) Ако е одделно договорено и е платена дополнителна премија, осигурувањето ги покрива и трошоците за лекување на кучето.

(3) Со ова осигурување не се опфатени опасностите кои настануваат поради:

1) Усмртување на кучето по налог на надлежните одговорни органи (инспекциски служби, полиција и др.);

2) Усмртување на кучето при оправдана интервенција на службени лица (полиција, војска, безбедносни служби и др.);

3) Усмртување на кучето без претходно одобрување од осигурувачот;

4) Намерни повреди, мачења, односно лошо постапување со кучето од страна на осигуреникот или на лицето на кое му е доверена грижата за кучето;

5) Користење на кучето за службени цели, ако не е поинаку договорено;

6) Пцовисување на кучето за време на хируршка интервенција или по неа поради последици од општата анестезија;

7) пцовисување, односно усмртување на кучето поради болест на возраст над 10 години;

8) вродени, односно наследни мани на кучето; и

9) исчезнување или кражба на осигуреното куче.

**Опасности кои не се опфатени со оигурување**

**Член 3**

(1) Со осигурување по овие Посебни услови не се Опфатени ризиците и осигурувачот не е во обврска за штети настанати поради:

1) Последица на незгода или болести настанати пред склучување на осигурувањето или кои до склучување на осигурувањето не се излекувани;

2) Последица на болест настаната во периодот на каренцата (14 дена) од почетокот на важноста на осигурувањето;
3) Дијагностички и терапевтски зафати (вклучувајќи и операции) на коленскиот зглоб, односно на зглобот на лакотот настанати во 180 ден (каренца) од почетокот на важноста на осигурувањето, освен за случаи поради сообраќајна несреќа;
4) болест која не била излекувана за 365 дена од денот на појавување на првите знаци на болеста;
5) ветеринарни интервенции од стопанско значење и заради убавина: кастрација, овариоектомија, лекување на стерилитет, сечење на уши и опашки, сечење на нокти,ампутација на канџи итн.;
6) пакување и праќање на материјал за лабораториски прегледи;
7) секакви стоматолошки интервенции и интервенции на гингивални ткива;
8) при купување на лекови без препишан ветеринарен рецепт;
9) тестови за алергија;
10) превентивни зафати поради заразни болести, одгледувачки и паразитски болести;
11) превоз при ветеринарна интервенција;
12) специјалистички лекувања и оперативни зафати, освен во случаите кога постои претходна согласност на осигурувачот;
13) дијагностички и терапевтски методи кои според мислењето на ветеринарот на осигурувачот не биле неопходно потребни и поради чие пропуштање не би бил загрозен животот на кучето;
14) хоспитализации на кучето;
15) физиотерапии, хидротерапии, акупресури, акупунктури и мануелни терапии на кучето;
16) набавка на специјална храна за болни и чувствителни кучиња (за слабеење, антиалергиска и сл.) и поради трошоци за набавка на ортопедски и други помагала (заштитни јаки, помагала за имобилизација и сл.);
17) старосни заболувања (артрози, заболувања на бубрези и сл.);
18) лекување со матични клетки;
19) хистолошки испитувања на ткива;
20) еутаназија на кучето;
21) советување и издавање на рецепт; и
22) трошоци за лекување ако кучето го лекува лице (ветеринар) кое нема склучено договор со осигурувачот.

**Сума на осигурување**

**Член 4**

(1) Сумата на осигурување за основното осигурување е вредноста на расата на кучето до 3-месечна возраст, според вредноста на подмладок од истата раса согласно пазарните цени и цените одредени од Кинолошкиот сојуз на Македонија, освен ако не е поинаку договорено и не се плати доплата на премијата.
(2) Сумата на осигурување за трошоци за лекување претставува годишен агрегат.

**Обврски на осигуреникот**

**Член 5**

(1) Осигуреникот е должен во случај кога ќе се разболи осигуреното куче во текот на осигурувањето, веднаш да го извести ветеринарот заради издавање на ветеринарна помош.
(2) Осигуреникот е должен да го лекува разболеното куче према упатството на ветеринарот и да се придржува до неговите совети.
(3) Осигуреникот е должен да обезбеди евиденција на извршените ветеринарни услуги во тековниот осигурителен период.
(4) Осигурувачот има право на увид во евиденцијата на ветеринарните услуги.

(5) Осигуреникот е должен да се придржува кон член 29 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир, односно кучето на јавни површини задолжително мора да биде подремен и со заштитна маска.

Неизвршувањето на овие одредби значи и губење на правото за надоместок на штета.

**Место на осигурување**

**Член 6**

(1) Осигурувањето важи додека осигуреното куче е на местото кое е наведено во полисата

(2) Ако осигуреното куче поради некоја причина се пренесува на друго место, тогаш осигурувачот мора да биде известен и тие места мора да бидат наведени во полисата

(3) Осигурувањето не е во сила за време додека осигурените кучиња се наоѓаат на изложби или на саеми и за време на транспорт до и од тие места.

**Утврдување, процена и ликвидација на штета**

**Член 7**

(1) Настанатата штета од основното покритие на самото место ја утврдуваат и проценуваат осигурувачот, ветеринарот и сопственикот на кучето. Штетата се утврдува исклучиво на лешот на кучето, откако прво ќе биде утврден со читач неговиот идентитет.

(2) Настанатата штета, ако е однапред договорено и ако е платена дополнителна премија за покритие на трошоци за лекување, ја утврдува осигурувачот врз основа на извештајот издаден од ветеринарот и оригинална фискална сметка.

(3) Извештајот на ветеринарот треба да ги содржи следните податоци:

1) Сопственик на кучето и неговата адреса;
2) Број на полисата за осигурување;
3) Датумот кога е направен прегледот;
4) Идентификација на кучето;
5) дијагноза;
6) извршен преглед и вредност на извршениот преглед;
7) спецификација на видот, количеството и цената на потрошените лекови и материјали;
8) вкупен износ;
9) потпис и печат на ветеринарот и потпис од сопственикот на кучето.

(4) Осигурувачот пресметаната штета ја пресметува во полн износ намален за договорената франшиза наведена на полисата.

(5) Максималната давачка на осигурувачот за лекување во една осигурителна година претставува договорен годишен агрегат и изнесува 6.000 денари.

(6) Максималната давачка на осигурителното друштво по поединечен трошок за лекување во осигурителна година може да изнесува најмногу до 70% од годишниот агрегат

**Важност на Општите ослови за осигурување животни**

**Член 8**

Доколку не се спротивни на овие Посебни услови, на овие осигурувања се применуваат и Општите услови за осигурување на животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од

осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ**

**ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ПЧЕЛИ**

**Предмет на осигурување**

**Член 1**

(1) Предмет на осигурување по овие Посебни услови може да бидат здрави пчели (пчелни семејства), кошниците, како и медот во медиштето, кои му припаѓаат на пчелното семејство.

(2) Осигуреникот е должен да ги осигури сите пчелни семејства, кошници и нивната содржина (медот) кои ги поседува и кои се способни за осигурување.

(3) Не може да се осигурат:

1) Пчели на кои не им се посветува доволно внимание во поглед на нега и исхрана, како и пчелни семејства вселени во слаби кошници со слаби сотови и кошници со неподвижни сотови (плетарки-улишта);

2) Пчели за време на зимско мирување, и тоа од денот на зазимување, 15.10. во годината, до 15.04. наредната година.

3) Според овие Посебни услови, залихата на храна во медиштето не е предмет на осигурување.

4) Осигурувањето на пчелите се склучува на траење од една година.

**Опасности опфатани со осигурување**

**Член 2**

(1) Осигурувачот има обврска да ја надомести штетата која ќе настане под нормални услови на одгледување на пчели, и тоа од следните опасности:

1) Пцовисување или уништување на осигурените пчели поради болест или несреќен случај;

2) Уништување на кошниците и нивната содржина поради несреќен случај или елементарни непогоди (пожар, гром, луња, поплава или снежна лавина);

3) Транспорт на пчели на паша (согласно член 5 од овие Посебни услови

**Опасности кои не се опфатени со оигурување**

**Член 3**

(1) Со ова осигурување не се опфатени опасностите кои настануваат поради:

1) Губење на матицата, пчелниот рој и грабеж кај пчелите;

2) Кражба или губење на пчелите и содржината во кошниците;

3) Недостаток на залиха на храна (глад), последиците од нив, како и непосредните последици;

4) Лош или злонамерен однос спрема пчелите од страна на осигуреникот или лицето на кое му се доверени работите и грижата за пчелите;

5) Заразни и паразитски болести кои се сузбиваат со закон;

6) Доколку пред транспорт на пчелите не бил издвоен медот во медиштето и поради тоа настанала штета.

(2) Ако е одделно договорено и ако е платена дополнителна премија, осигурувањето ги покрива и делумните штети кои настанале поради хемиски препарати што се користат во земјоделството за уништување на штетниците и плевелот.

**Сума на осигурување**

**Член 4**

(1) Сумата на осигурување:

1) за пчелното семејство е еднаква на цената на пчелното семејство во месец мај;

2) за кошниците е еднаква на цената на кошниците на денот на склучување на осигурувањето; 3) за медот во медиштето е еднаква на просечната откупна цена на големо на медот до тежина од 10 килограми.

**Место на осигурување**

**Член 5**

(1) Осигурувањето важи додека осигурените пчели се во местото кое е наведено во полисата, како и за време на превозот при селидба од паша до паша под следните услови:

1) при превозот да е обезбедено добро проветрување во кошниците;

2) при превозот пчелите да ги придружува стручно лице.

(2) За времетраењето на карантинот, осигуреникот е должен на осигурените животни да ги изврши сите потребни и пропишани ветеринарно-санитарни мерки на свој трошок, доколку не е поинаку договорено.

**Утврдување, процена и ликвидација на штета**

**Член 6**

(1) Настанатата штета на самото место на настанот ја утврдуваат и проценуваат осигурувачот, ветеринарот и сопственикот на пчелните семејства.

(2) При смрт на пчелно семејство, настанатата штета се пресметува според сумата на осигурување на пчелното семејство. При оштетување или уништување на кошница и нејзината содржина, настанатата штета се пресметува поред нивната сума на осигурување намалена за вредноста на употребливите остатоци. Штетата на медот во медиштето се пресметува врз основа на утврдените количества на мед неупотреблив за човечка исхрана, но најмногу до тежина од 10 килограми, намалено за вредноста на употребливите остатоци за исхрана на пчелите. Ако пчелите со содржината се осигурени од наведените опасности со друг вид осигурување, надоместокот на штетата се пресметува според тоа осигурување, а од осигурувањата според овие Посебни услови до фактичката вредност, но најмногу до сумата на осигурување. Штетата се пресметува одделно за:

1) пчелното семејство;

2) кошницата и

3) медот.

(3) Ако е одделно договорено и ако е платена дополнителна премија, осигурувањето ги покрива и делумните штети кои настанале поради хемиски препарати што се користат во земјоделството за уништување на штетниците и плевелот. Во тој случај настанатата штета се пресметува процентуално во зависност од утврдената штета кај пчелното семејство, но најмногу до 50% од сумата на осигурување договорена за пчелното семејство.

(4) Ако се утврди дека осигуреникот на денот на штетата имал повеќе кошници со пчели од осигурените, отштетата ќе се пресмета во сооднос меѓу бројот на осигурените и бројот на утврдените кошници.

Во случај на настапување на осигурен ризик смрт или уништување на кошници со пчели, надоместокот за штета се одредува за секоја кошница согласно нормите кои се одредени од страна на Осигурувачот на датумот на склулување на осигурениот настан, со почитување на следниве услови:

1) Состојба на пчелното семејство;
- Силно семејство – пчелното семејство покрива 8(осум) празнини;
- Просечно семејство - пчелното семејство покрива 7(седум) празнини;
- Слабо семејство – пчелното семејство покрива до 5(пет) празнини;

Кога постои матично семејство без матица проценката на семејствата во секој слулај се намалува до 40%

2) Количество на уништените пчелни производи (мед и восок):
- До 300 грама мед се содржи во 1 dm2 за секоја пита запечатена од двете страни;
- До 100 грама восок за една гнездова рамка;
- До 50 грама восок за една рамка за складирање;

Осигурувачот плаќа надомест на штета за уништени до 10 килограми мед и до 1,5 килограми восок по кошница.

3) Утврдување на исчезнатите делови од пчелната кошница, кои се одземаат при конечната проценка на висината на надоместокот на штета.

4) При болести со гниење или кај штети од природни незгоди и диви животни, осигурените кошници со пчели се обештетуваат, освен за пчелните семејства и за пчелните производи и сандаците, а при нозематоза и акароза-само за пчелните семејства.

**Важност на Општите ослови за осигурување животни**

**Член 7**

До колку не се спротивни на овие Посебни услови, на овие осигурувања се применуваат и Општите услови за осигурување на животни.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 8**

Постапка по приговори

Во случај осигурувачот и осигуреникот да не се согласат по однос на обемот и висината на штетата, осигуреникот има право на приговор во рок од 8 дена од приемот на писменото известување од осигурувачот, до Второстепената комисија за решавање на штети по приговор, која е должна во рок од 30 дена да одговори по приговорот.

Постапка по жалба

Договорувачот, односно осигуреникот во однос на работењето на Друштвото има право на жалба до Агенцијата за супервизија на осигурување како орган надлежен орган за супервизија на друштвата за осигуруавње.

Решавање на спорови

Евентуалните спорови кои би произлегле од договорот за осигурување, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено, а доколку до спогодба не дојде надлежен е Основен суд Скопје 2 Скопје.

Овие Услови се донесени врз основа на Овластување на Одборот на директори на Друштво за осигурување ХАЛК ОСИГУРУВАЊЕ АД Скопје дадено на својата редовна седница на 15.11.2021 година со Одлука бр.0203-09/08 и ќе се применуваат од 23.02.2022 година.

Главен Извршен Директор
Суат Инан

Извршен Директор
Славчо Таушанов